ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“

ЗА ПЕРИОД: ЈАНУАРИ 2018 година – ЈАНУАРИ 2019 година

1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;

- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември 2018-та година беше регистрирано за вршење издавачка дејност во Централниот регистар на РМ. Оваа активност беше потребна со цел да се овозможи издавање на сликовницата-расказ „Најубавиот подарок за Божик“. Оваа сликовница беше издадена на почетокот од месец јануари 2019-та година. Во овој дел изразуваме особена благодарност на сите кои што се вклучија во нејзината изработка и издавање, а особено на: Архимандрит Партениј Фидановски (уредник), Воскресија Бадниковска (автор на текстот), Михајло Блажевски (автор на илустрации), Ангел Мицевски (дизајн и ликовно обликување), м-р.Влатко Деловски (рецезент) и отец Бобан Митевски (лектор). Сликовницата-расказ „Најубавиот подарок за Божик“ беше составен дел од Бадниковите пакетчиња кои што им беа поделени на дечињата кои присуствуваа на Големата Божикна манифестација на 06.01.2019 година.

2. Начин и период на изработка на Годишните извештаи за работењето на Здружението за возобновување на православни традиции „Бадникови поворки“

Годишниот извештај за работењето на Здружението „Бадникови поворки“ за 2017 година ги опфати активностите кои што беа преземани во периодот од основањето на Здружението, заклучно со крајот на 2017 година. Но со оглед на фактот што мисијата на Здружението е организирање и спроведување на Бадникови поворки кои што се одржуваат на ден Бадник, односно во месец

јануари, сметаме дека е целисходно годишните извештаи да бидат изработени на начин што ќе го опфатат и месецот јануари од наредната календарска година. Поради оваа причина, годинешниот извештај дава приказ на манифестацијата Бадникови поворки одржана на ден 06.01.2018 година, која што не беше вклучена во Годишниот извештај за работењето на Здружението за 2017 година, како и приказ на сите активности кои што беа преземени во текот на 2018-та година и на почетокот на 2019-та година, заклучно со одржувањето на Големата Божикна манифестација на 06.01.2019 година.

3. Реализирани активности во периодот од јануари 2018 година до јануари 2019 година.

3.1. Манифестација Бадникови поворки одржана на ден 06.01.2018 година.

Манифестацијата Бадикови поворки беше реализирана на ден 06.01.2018 година во градот Скопје и низ повеќе градови на нашата земја. Пред почетокот на манифестацијата, група на дечиња го посетија Претседателот на државата г-динот Ѓорѓе Иванов. Групи на дечиња исто така ги посетија и градоначалниците на сите скопски општини, со цел најпрво нив да им ја пренесат радосната вест на претстојниот празник.

Официјално, поворките во градот Скопје започнаа во 11:30 часот од 3 различни позиции во центарот на градот, односно од ул.Македонија (кај Црквата во изградба Св.Константин и Елена), пред Црквата Пресвета Богородица (на левата страна на Кејот на Вардар), како и пред Црквата Св.Димитрија (кај поранешната стоковна куќа Мост). Во периодот до 11:45 часот поворките од деца кои тргнаа од првите две локации пристигнаа на плоштадот пред Црквата Св.Димитрија, од каде сите заедно ја направија најголемата Бадникова поворка. Големиот број дечиња тргнаа низ улиците на градот Скопје до Соборниот храм Св.Климент Охридски каде што беа дочекани и поздравени од страна на Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан. На крајот сите дечиња беа дарувани со Бадникови пакетчиња.

Освен во градот Скопје, Бадникови поворки на ден Бадник во 2018 година беа организирани и во Битола, Охрид, Струга, Кичево, Ресен, Прилеп, Крушево, Тетово, Гостивар, Куманово, Свети Николе, Велес, Штип, Радовиш, Струмица, Гевгелија, Неготино, Кавадарци, Демир Капија, Валандово, Богданци, Пробиштип, Кривогаштани, Могила, Беловиште, Вратница, Старо село и Рогачево.

По одржувањето на манифестацијата Бадникови поворки, со реакција за настанот излезе Првата Детска Амбасада во Светот Меѓаши, која неосновано обвини дека со Бадниковите поворки е направена политичка злоупотреба на деца преку верски традиции од страна на актуелната власт.

Во врска со овие неосновани и неточни обвинувања, Здружението „Бадникови поворки“ на ден 08.01.2018 година излезе со своја реакција во јавноста со која укажа дека организирањето на манифестацијата „Бадникови поворки“ е чисто граѓанска иницијатива во која не се инволвирани ниту институциите на државата, ниту пак црквата. Во реакцијата, меѓудругото беше посочено дека зад целосната организација на настанот стои Здружението на граѓани „Бадникови поворки" кое со овој настан возобновува древна православна традиција на прослава на Бадник и Божик со пеење божикни песни, а возобнувањето на ваквата традиција туку трае веќе неколку години наназад.

Државниот просветен инспекторат по спроведените вонредни инспекции во училиштата, на ден 10.01.2018 година потврди дека училиштата не реализирале верско делување за Бадниковите поворки, ниту пак учествувале во организирањето на манифестацијата Бадникови поворки. Меѓудругото, Директорот на Државниот просветен инспекторат г-динот Томе Спировски изјави дека до нив не пристигнала ниту една претставка од страна на родители, поради што во никој случај не може да се зборува за злоупотреба на децата.

3.2. Организирање на Големата Божикна манифестација

Во текот на втората половина од 2018 година, Здружението „Бадникови поворки“ ги продолжи своите активности со цел реализација на неговата мисија, односно организирање на Бадникови поворки во 2019-та година. Во првичниот

период членовите на Здружението одржаа неколку состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на Програмата за дејствување на Здружението, се презентираа идеи за начинот на организирање на Бадниковите поворки во 2019-та година и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението со насока на успешно организирање на поворките. Членовите на Здружението се согласија со идејата на Бадник во градот Скопје да се организира Голема Божикна манифестација која ќе вклучи Божикна претстава за деца и настапи на најпознатите македонски пејачи, кои меѓудругото ќе работат и на возобновување на уште една стара православна божикна песна.

Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните со активностите на Здружението, покрај Facebook групата БАДНИКОВИ ПОВОРКИ и YouTube каналот Badnikovi Povorki, во текот на 2018-та година во функција беше ставена Fan страна на Бадникови поворки на Facebook, а беше отворен и официјален профил на социјалната мрежа Instagram.

Во текот на втората половина на 2018 година и почетокот на 2019-та година, од страна на Здружението беа преземени следните активности:

- Во текот на месец декември 2018 година на You Tube каналот беа објавени неколку видеа преку кои македонските познати личности Димитар Андоновски, Влатко Лозаноски и Дејан Лилиќ упатуваа покани до сите дечиња, заедно со нивните родители, баби и дедовци да присуствуваат на Големата Божикна манифестација, постепено откривајќи им ги сите изненадувања кои што беа предвидени за нив во оваа манифестација. Во продолжение споделуваме неколку слики од снимањето на овие видеа:









➢ Едно од највпечатливите видеа кои што беа изработени и објавени на нашиот YouTube канал, беше видео насловено „Сведоштво за традицијата на пеење на „Небо и земја“ за Бадник и Божик во битолскиот крај. Во ова видео 81-но годишната Даница Јолевска ни раскажува за долгогодишната традиција на пеење на оваа божикна песна во битолскиот крај. Преку ова видео дознавме дека „Небо и земја" е стара словенска коледарска песна, која до денес се задржала во помнењето на старите битолчани, како песна што се пеела и на Бадник и на Божик. Оваа песна се' уште се пее на Бадник во Русија, Украина и Белорусија. Можно е оваа песна да се пренела во руските земји токму од овде, од Македонија, бидејќи рускиот народ примил крштение од Охридската Архиепископија, а со тоа усвоиле и голем дел од традициите коишто тука се негувале. Подоцна, пак, поради состојбите во кои западнал Балканот, голем дел од тие традиции кај нас биле изгубени. Но, за среќа биле задржани во Русија која во тоа време била единствена слободна православна земја. Се претпоставува дека после Октомвриската револуција, руските емигранти кои дошле тука во Македонија, ни вратиле дел од тие традиции, меѓу кои и оваа песна.

Видеото може да се погледне на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=m3HQgRNWWHQ



➢ Во текот на месец декември 2018 година нашите најпознати пејачи Елена Ристеска, Влатко Лозаноски, Викторија Лоба, Некст тајм, Димитар Андоновски, Љубојна и Златните славејчиња работеа на возобновување на „Небо и земја“ стара словенска коледарска песна, која до пред 30 години се пеела за Бадник и Божик во битолскиот крај.

Во овој дел изразуваме огромна благодарност до најпрекрасните Елена Ристеска, Влатко Лозаноски, Викторија Лоба, Димитар Андоносвки, Некст Тајм, Љубојна, Златно Славејче, Ивица Јанкуловски (студио Алшар), Владимир Димовски (аранжман), Петар Христов (кларинет), Тимко Чичаковски (канон), Симона Богоевска (харфа), Владимир Цветковски (виолина), Владимир Димовски (виола), Кирил Јосифов (виолончело) и Митко Иванов (контрабас).

Во продолжение Ви пренесуваме изјави на дел од учесниците кои доброволно го дадоа својот придонес во остварувањето на оваа активност, поткрепено со неколку фотографии кои ја пренесуваат пријатната и весела атмосфера која владееше во текот на снимањето на песната „Небо и земја“.

Елена Ристеска: *„Многу сум среќна што секоја година се повеќе се збогатува репертоарот од Бадникови и Божикни песни и се надевам дека*

еден ден ќе имаме толку многу песни што ќе можеме да направиме еден голем Божикен концерт на голема сцена.“

Влатко Лозаноски: „*За мене како пејач е голема чест и задовоство што сум дел од возобновувањето на една нова Божикна песна која што ќе ја пееме заедно со дечињата, после Вечниот Бог која што децата беспрекорно ја знаат и ја пејат, би сакал и оваа песна „Небо и земја“ добро да ја научат за заедно да ја пееме.“*

Стефан од Некст тајм: *„Голема благодарност до о.Партениј од Бигорскиот манастир кој што е иницијаторот да се возобноват овие Божикни песни кои што претходните години ги испејавме. И оваа година ќе ви поклониме нова Божикна песна која што се вика „Небо и земја“. Се надевам и верувам дека ќе уживате, затоа што тука се повеќе пејачи кои што значат нешто во македонската музичка естрада и секој на свој начин си ја донесе оваа песна.“*







- Во текот на месец декември се снимаше спотот за возобновената Божикна песна „Небо и земја“. Спотот се снимаше на неколку локации: во пределот Криволак, во Музејот на Македонија и на неколку локации во

градовите Скопје и Охрид. За прекрасно изработениот спот и за целокупната поддршка при снимањето изразуваме најголема благодарност до Мелем продукција и до Дарко Данилов (дрон), како и до учесниците од Ансамбл Македонија и актерите Митко Апостоловски, Атанас Таневски и Атанас Цветковски.

Спотот беше промовиран на нашиот YouTube канал на 05.01.2019 година.

Во продолжение пренесуваме изјави на дел од учесниците кои беа вклучени во снимањето на спотот:

Вера Милошевска (Љубојна): *„Јас сум за прв пат дел од оваа екипа и за прв пат дел од овие Бадникови поворки. Многу се радувам што се возобновува оваа традиција, односно многу се радувам што воопшто оваа идеја произлезе од манастирот Свети Јован Бигорски и посебен поздрав до о.Партениј за целата иницијатива. Сакам празници што носат радост, а Христовото раѓање е еден од празниците што за мене лично носи многу голема радост и заедно со оваа екипа би сакале да ве поканиме на 6-ти јануари на убав голем Божикен концерт.“*

Викторија Лоба: *„За мене е навистина голема чест затоа што веќе втора година учествувам во овој убав проект, проект кој што носи среќа и радост на сите. Затоа имам една голема желба која што сакам да ја споделам заедно со сите вас, а тоа е на 06.01.2019 година да дојдете сите кои што сте спремни да ја примите нашата голема љубов. Ние ќе пееме за вас и ќе споделиме се она убаво што го имаме во нашите срца.“*

Марија Ангеловска: *„Јас допатував од Шведска заедно со мојот внук и внука затоа што сакам да тие да бидат дел од историјата која ја градиме заедно. Мене ми е огромна чест да бидам дел од оваа радост за Божик и едноставно да гледам како историски песни се преведуваат на македонски јазик и ќе останат за идните поколенија...“*

Митко Апостоловски: *„Чувствувам голема чест што сум дел од оваа екипа и што можам да го дадам својот скромен личен уметнички придонес во прославувањето на овој голем празник Бадник и Божик. Но исто така се чувствувам пресреќен што гледам во припремите кои што ќе се одржат на 6-ти и 7ми, одбележувајќи го овој голем христијански празник и ми се сака да кажам Тоа мој народе, тој е вашиот придонес, така се слави Божик и така ќе бидеме благословени и од Бога и до ближниот.“*

Атанас Тановски: *„Ми претставува голема чест и задоволство што сум дел од учесниците од овој проект за кој се надевам дека ќе придонесе нашиот христјански народ на вистински начин овие денови да го прославува Христовото раѓање, нашиот најголем празник и ќе даде вистинско значење на оваа прослава која носи радост и топлина во животот.“*

М-р Владимир Јаневски: „*Од голема важност е спотот за песната „Небо и земја“, бидејќи во него се прикажани наши обредни карактеристики кои се случувале во Македонија, поточно во неколку поголеми градови како што биле Битола, Охрид, Струга, Ресен, во периодот на крајот од 19-тиот и почетокот на 20-тиот век. Спотот го работевме на неколку локации, се работеше во пределот Криволак, каде што се снимаа мудреците, додека пак вториот дел од снимањето се одвиваше во Музејот на Македонија каде што во тој ентериер и екстериер можеше да се доловат две типични архитектури на соби и каде што можеше да се види едно побогато и едно посиромашно семејство. Во третиот дел можат да се видат современите аспекти преку пејачите кои што ја пејат песната.“*

Спотот може да се погледне на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=WJfJ-mewSMQ

Во продолжение споделуваме неколку фотографии направени во текот на снимањето на спотот:











➢ Со оглед на фактот што празниците Бадник и Божик се празници во кои се слави љубовта и милоста, членовите на Здружението „Бадникови поворки“ на ден 29.12.2018 година организираа акција на милосрдие, која всушност претставуваше поддршка на акцијата „ПОДАРИ ПАКЕТЧЕ, ПОДАРИ ЉУБОВ“ на Хуманитарната организација „Свети Спас“. Благодарение на големиот интерес од страна на хуманите граѓани, за три часа беа собрани 125 пакетчиња и 2 вреќи со играчки, кои што во текот на истиот ден беа предадени на Хуманитарната организација „Свети Спас“, а оттаму беа поделени на болните дечиња во неколку болници.



➢ Во текот на месец декември 2018 година од страна на нашите најпознати актери Дејан Лилиќ, Снежана Коневска Руси и талентираните млади актери од Креативниот центар Тинтири Минтири, со многу голема посветеност и љубов беше подготвувана Божикната претстава за деца, која што се одигра на ден Бадник 2019 година, како дел од Големата Божикна манифестација. Во продолжение пренесуваме нивни изјави за текот на подготовките на претставата:

Дејан Лилиќ: *„Ние сме веќе во серозни завршни подготовки односно завршеток на нашите подговотвки на претставата Најубавиот подарок за Божик, која што всушност е извадок од сликовница напишана од авторката Воскресија. Ние, на 6-ти Јануари ќе изведеме само дел од оваа сликовница-расказ, на Големата Божикна манифестација која што ќе се случува на плошадот Свети Димитриј од 11 до 12 часот... Пресреќен сум што оваа претстава ја работиме со заедно со Снежана Коневска Руси, мојата драга колешка и со прекрасните дечиња од Тинтири Минтири кои со голема љубов влегоа во оваа работа. Ве очекувам сите на 6ти јануари во 11 часот, заедно со нашите пејачи и со целата таа публика, заедно да го прославиме и најавиме раѓањето Христово.“*

Снежана Коневска Руси: *„Еве ја и Снешка во ново друштво, нормално повторно со деца, а овој пат со децата од Тинтири Минтири од Скопје во една најнова претстава посветена на Рожденството Христово. И едноставно баш сум радосна што учествуввам во овој настан и во оваа драматуршка приказна предводена од мојот колега Дејан Лилиќ, каде што во улогата на тетка Кате го прераскажувам целиот божикен настан пред самите деца и едноставно дури и самата се информирам за сите настани случени на овој ден, се запознавам со Христовото раѓање, со добрината на самиот Бог и во пораката што ја носи овој настан и едностсавно се враќам на старите вредности и како во ова невреме време да откриеме што е добро а што е лошо, како да се сакаме, почитуваме и другаруваме. Така и јас со овие деца од Тинтири Минтири пробувајќи се радуваме и едноставно*

другаруваме и посакуваме сите деца од цело Скопје да дојдат и да се дружат со нас на овој свечен настан.“

Во овој дел изразуваме огромна благодарност до македонските актери Дејан Лилиќ и Снежана Коневска Руси, како и до дечињата и целиот тим од Креативниот центар Тинтири Минтири, за нивната посветеност и љубов при подготвувањето и изведувањето на Божикната претстава за деца.

Исто така огромна благодарност им должиме и на Театарската група Сенки и облаци, кои што за време на претставата на 06.01.2019 година, на голем видео бим, претставија прекрасна игра со сенки, која што ја збогати целокупната програма на настанот.





- 06.01.2019 година - Денот кој што сите со големо нетрпение го очекувавме, конечно дојде. Најпрво дел од членовите на нашето Здружение заедно со дечињата од Центарот за едукација на македонски фолклор „Митеви“ го посетија домот на Претседателот на државата г-динот Ѓорѓе Иванов. Дечињата го поздравија Претседателот и неговото семејството со песната „Вечниот Бог“, по што тие беа топло примени во домот на Претседателот.

За тоа време, плоштадот се повеќе се исполнуваше со дечиња кои заедно со нивните родители, баби и дедовци пристигнуваа од целиот град. Дечињата беа пречекувани и дарувани со Бадниково чајче и Бадниково колаче. Големата Божикна манифестација започна во 11 часот. Најпрво свој настап имаа дечињата од Златно славејче, а потоа на бината им се придружија и најголемите македонски музички ѕвезди: Влатко Лозаноски, Димитар Андоновски, Елена Ристевска, Викторија Лоба, Некст Тајм и Љубојна. Пејачите заедно со публиката во еден глас ја пееја песната „Вечниот Бог“, како и возобновената Божикна песна „Небо и земја“. Потоа, на сцената се појавија актерите од Креативниот центар Тинтири Минтири, кои заедно со Снежана

Коневска Руси и Дејан Лилиќ ја одиграа детската претстава „Најубавиот подарок за Божик“. Додека траеше претставата, на видео бимот беше претставено прекрасно видео изработено од Сенки и облаци. Во 12 часот, по завршување на Божикната претстава, беше направена најголемата Бадникова поворка, каде што присутните дечиња го започнаа своето чекорење по улиците на градот Скопје и пеејќи ја песната Вечниот Бог пристигнаа во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“. Овде дечињата беа пречекани и поздравени од Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан, по што на сите дечиња им беа поделени Бадникови пакетчиња, во кои како составен дел беше сместена и сликовницата-расказ „Најубавиот подарок за Божик“.

Во исто време, Бадникови поворки на радоста, во кои децата на свечен начин го најавуваа Христовото Раѓање, беа одржани во уште 35 градови и населени места низ земјата и тоа: Битола, Охрид, Прилеп, Струга, Тетово, Крушево, Ресен, Кичево, Радовиш, Велес, Штип, Струмица, Гевгелија, Валандово, Кавадарци, Куманово, Гостивар, Пробиштип, Свети Николе, Могила, Кривогаштани, Демир Капија, Неготино, Богданци, Вратница, Виница, Кочани, Делчево, Дебар, Ростуше, Велгошти, Брвеница, Беловиште, Старо село и Рогачево.

Во продолжение Ви пренесуваме слики на кои се гледа прекрасната празнична атмосфера која што владееше во градот Скопје на 06.01.2019 година.










ГОЛЕМА БОЖИКНА
МАНИФЕСТАЦИЈА











Во овој дел изразуваме огромна благодарност до Жито Лукс, Кожувчанка, Screenmedia, Link media, како и до сите останати добродетели кои со својот придонес помогнаа нашата Бадникова радост да стане реалност.

4. Финансиски извештај

Ве известуваме дека согласно член 18 од Законот за сметководство на непрофитните организации („Службен весник на РМ“ бр. 24/2003, 17/2011 и 154/15) вкупната вредност на имотот или годишниот приход за 2018 не надминуваат износ од 2.500,00 евра во денарска противвредност, при што не сме обврзани да составуваме и доставуваме финансиски извештаи за 2018 година.

5. Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец март 2019 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје